# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.16 Ноември - Декември 2020


ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Премиерот Зоран Заев во посета на Крива Паланка

Реконструкцијата и проширувањето со трета лента на патот Крива Паланка – Деве Баир, граничен премин со Бугарија, се одвива со забрзано темпо.

Увид во градежните работи на терен извршија премиерот Зоран Заев, вицепремиерот Љупчо Николовски, министерот за транспорт и врски Благој Бочварски, директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Ејуп Рустеми и градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски.



Инвестицијата е во висина од над 10 милиони евра и според планот градежните активности треба да завршат до март 2022 година. Со оваа инвестиција и со изградбата на експресниот пат од Ранковце до Крива Паланка значително ќе се подобри патниот сообраќај на коридорот 8.



## Рехабилитација на патниот правец од с.Узем до РОЦ Тораница

Во тек е рехабилитацијата на патниот правец од с.Узем до РОЦ Тораница во должина од околу 10 км. Средствата во висина од 1.700.000 евра се обезбедени преку Јавното претпријатие за државни патишта, а активностите за рехабилитација треба да завршат до мај 2021 година.



## Општина Крива Паланка ги прогласи најдобрите во 2020 година

Градоначалникот Борјанчо Мицевски ги додели наградите на најдобриот пожарникар и најдобриот полициски службеник во општина Крива Паланка за 2020 година, а здравственит дом д-р Димитар Арсов доби пригодна плакета за справување со последиците од COVID-19.

**Бранко Давитковски** е најдобар пожарникар од ТППЕ Крива Паланка, а наградата за најдобар полицаец за 2020 година ја доби **Игорче Илиев.**



## Потпишан договор за развој на социјални услуги – Помош и нега на стари лица во домашни услови

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски го потпиша договорот за грант помеѓу Општина Крива Паланка и Министерство за труд и социјална политика за развој на социјални услуги од видот – Помош и нега на стари лица во домашни услови.*

Висината на грантот е 11.034.000 денари, а провајдер на услугите ќе биде ОО на Црвен Крст Крива Паланка. Услугата опфаќа 40 стари лица, кои ќе ја добиваат услугата согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги за помош и нега во домот.

За потребите на проектот ќе бидат обучени 20 лиценцирани негователи и ќе биде набавено теренско моторно возило. Истиот ќе се реализира во период од 24 месеци.



## Изградба  на секундарна водоводна мрежа во с.Луке

Со изградбата на примарната водоводна мрежа во 2018  година и секундарната мрежа во оваа година, се решава долгогодишниот проблем на жителите на едно од најоддалечените села во кривопаланечко.

Средствата за проектот се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крива Паланка во висина од 2.071.000 денари, а изведувач на работите е фирмата „Лабино Трејд“ од Гостивар.



## Регулација на дел од минор коритото на Крива Река

Во тек **е** регулацијата на дел од минор коритото на Крива Река во должина од 926 метри, на потегот од Големиот мост до населба Бегови Бавчи.
Вредноста на инвестицијата е околу 19.000.000 денари без ДДВ, средства обезбедени преку Министерство за финансии и Светска банка.



## Реконструкција на спортскиот терен на СОУ „Ѓорче Петров“

Во средното општинско училиште „Ѓорче Петров” започна реконструкција на спортскиот терен кој ќе биде обложен со тартан подлога. Проектот се реализира со средства од буџетот на училиштето, а истиот е во висина од околу 7.5 милиони денари.



## Поставени столбчиња на тротоарските површини долж улицата „Св. Јоаким Осоговски“

Општина Крива Паланка во соработка со фирмата „Семафори“ од Тетово постави заштитни столбчиња на тротоарските површини долж улицата „Св. Јоаким Осоговски“ во централното градско подрачје, со цел да се обезбеди непречено движење на пешаците но и да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Активноста е врз основа на Основниот сообраќаен проект за централното градско подрачје во Крива Паланка, а во согласност со иницијативата на поголем број на граѓани и здруженија, родители и  лица со посебни потреби.



## Отпочнаа градежните активности за надградба на кат на детската градинка „Детелинка“

Отпочнаа градежните активности за надградба на кат на детската градинка „Детелинка“ во централното градско подрачје. Изведувач на работите е „Конструктор ДОО“ од Скопје. Финансиските средства се обезбедени од  Министерството за труд и социјална политика со вкупна вредност од  23.500.000 денари. Според динамиката и временската рамка се очекува градежните активности да бидат завршени за една година.



Со реконструкцијата и надградбата на објектот ќе се  подобрат основните услови за работа, но и значително ќе се зголемат капацитетите за сместување на дечиња од предучилишна возраст, со што ќе се овозможи и прифаќање на поголема група за целодневен  претстој, што се јави како потреба и интерес од страна на поголем број на родители.



## Стипендии за нови талентирани ученици, студенти и спортисти од Крива Паланка

Осум нови талентирани ученици-средношколци и талентирани студенти кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Северна Македонија и двајца ученика спортисти во индивидуални спортови се здобија со право на користење на стипендија за учебната 2020/21.

Стипендијата е во висина од 3.000 денари месечно, а се исплатува девет месеци во годината.



## Усвоен Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година

На 46-та седница на Советот е усвоен Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година кој е проектиран на 421.051.329 денари.

Буџетот е изготвен врз основа на дефинирани програми, транспарентно планирање, дисциплинирано трошење и ригорозна контрола на непродуктивните расходи без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.
Вредноста на капиталните инвестиции изнесува 86.800.000 денари, а најголемо финансирање во капиталните инвестиции има во програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици и во програмата за изградба на канализациони мрежи.

*Повеќе информации за структурата на буџетот и за програмите на **www.krivapalanka.gov.mk***




Меѓу номинираните 533 сајтови, распределени во 18 категории, Веб сајтот на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk го освои второто место во категоријата на владини/државни институции во изборот за најдобар сајт во 2020 година.



## Одбележан Светскиот ден на волонтерите во Крива Паланка

По повод 5 декември, Светскиот ден на волонтерството, градоначалникот Борјанчо Мицевски додели награди и благодарници на дваесеттина волонтери од Општинската организација на Црвен крст и седум признанија на општествено одговорни фирми од општина Крива Паланка, кои несебично се вклучија во низа на хуманитарни акции во текот на годината.
Градоначалникот Мицевски во оваа прилика, го предаде преодниот пехар од Општина Крива Паланка на ДСЗИ, за нивната несебична спремност и професионалност во справувањето со предизвиците од ширењето на пандемијата од Ковид 19.



## Осоговските Планини прогласени за заштитено подрачје – Заштитен Предел

Со одлуката на Владата Осоговските Планини стануваат првиот заштитен предел (заштитено подрачје од категорија V).

Вкупната површина на Заштитен предел – Осоговски Планини изнесува 48807,16 хектари, а со него ќе управува Јавното претпријатие „Национални шуми“. Заштитеното подрачје е поделено на три зони—зона за одржливо користење, зона за активно управување и зона за строга заштита.



## Уредена нова локација за спорт во основното училиште „Илинден“

Теренот во училишниот двор на ООУ „Илинден” е опремен и разубавен и претставува нова урбана локација, втора во општината во рамки на проектот „Спорт за сите” што го имплементираат ТАКТ и локално партнерство „Спорт за развој”, во соработка со локалната самоуправа на општината, поддржан од ГИЗ Северна Македонија.




## Ретроспективна изложба на скулптури-30 години творештво на Нела Јанковска

Скулптурите создавани во изминатите 30 години творење на академски скулптор Нела Јанковска од Крива Паланка,  беа  изложени на ретроспективната изложба во Локалната установа Градски музеј, Крива Паланка.



Изложбата е поддржана од Министерството за култура на РС Македонија и Општина Крива Паланка.




## Шесто  издание на Детскиот музички фестивал „Распеано симитче“

Во НУ Центар за култура Крива Паланка се одржа 6-то по ред издание на Детскиот музички фестивал „Распеано симитче 2020“.  На фестивалот беа изведени 10 нови композиции, со модерен стил, создадени од локални и регионални автори, во прилог на афирмацијата на локалната музичка сцена и култура.

Организатор на фестивалот е Центарот за аудиовизуелни уметности, покровител Општина Крива Паланка, а поддржувачи Министерството за култура, НУ Центар за култура и Градски музеј Крива Паланка.



## Гоце Тодоровски лауреат на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ за 2020

Во салата на Општина Крива Паланка, во пригодна атмосфера и со почитување на пропишаните здравствени протоколи, беше доделена наградата за значаен придонес во областа на театарот и културата – лауреат на дванаесеттото скратено издание на МТФ „Св.Јоаким Осоговски“ за 2020 година на актерот Гоце Тодоровски.

Наградата за лауреат на нашиот истакнат актер, беше врачена од страна на градоначалникот  Борјанчо Мицевски, а за уметничките достигнувања и творештвото на Гоце Тодоровски говореа Гоце Ристовски и Благоја Чоревски.



Општина Крива Паланка и здружението Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје, потпишаа меморандум за соработка и ќе соработуваат во подготовка на предлог проект, со наслов: **„Културното наследство на Крива Паланка – вредностите и свеста за својата култура, наследство, традиција и богатство “**.



## Археолошки истражувања на локалитетот „Градиште“ во с. Градец

Во периодот од 15 октомври до 2 ноември 2020 во селото Градец, Кривопаланечко, се вршеа археолошки истражувања на локалитетот „Градиште“ од страна на стручна екипа на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка под раководство на археолог Цоне Крстевски.